# *Истражување на ставот на студентите во однос на практикантството, можностите за вработување и развојот на кариера*

*Сакајќи да ги провериме ставовите на студентите на додипломски и постдипломски студии околу образованието, можностите за праксата, вработување и развој на кариера во нашите институции и компании, спроведовме една мала анкета со прашања од овие неколку области. Анкетата беше спроведена преку интернет, преку SurveyMonkey. На неа одговорија 70 испитаници. Притоа, се работи за пригоден примерок, кој опфаќа студенти и од приватни и од државни универзитети. Мнозинството од студенти се од Скопје (79%), а останатите имаат постојано живеалиште во други градови во Македонија (18%) или надвор од Македонија (2%).*



**Мајда Јошевска**
*дипломиран Психолог*
**Елена Иванова**
*студент на Економски Факултет*
**Мирјана Радевска**
*дипломиран Психолог*

*Истражување на Global HR™*

**Следуваат резултатите од прашалникот:**




**1.** Најголем дел од испитаниците се на додипломски студии.




**3.** Најголем дел од студентите сметаат дека се доволно квалификувани со знаења и вештини за веднаш по дипломирањето да почнат со работа.

**4.** Во склад со мислењето на студентите дека квалификациите кои ги добиваат од високообазовната институција каде што студираат, и состојбата со проценката за тоа колку им користат вештините и знаењата стекнати таму. Меѓутоа во овој дел, една третина од испитаниците ги процениле истите за малку корисни.




**5.** На ова прашање повеќе од половина од испитанците имаат позитивен став кон практицирањето од аспект дека го унапредува професионалниот развој. Нешто помалку испитаници својот позитивен став кон практицирањето го поврзуваат со тоа што практицирањето им дава предност при вработување. Оние 3% од испитаниците кои навеле сопствено објаснување за ставот кон практицирањето се изјаснуваат дека тоа е начин да се збогати CV-то и професионалниот развој ако амбицијата е да се отвори сопствен бизнис или дека е генерално неопходно, а едно објаснување е дека ставот зависи од тоа дали се работи за приватен или државен сектор каде би се практицирало.




**6.** Мислењето на студентите за тоа какви се можностите за пракса кои се нудат, подеднаков процент сметаат дека компаниите/институциите се „затворени" за практиканти и дека се неопходни лични контакти со внатрешни лица за да се практицира негде. Ова е во согласност со непостоењето на формален и институтционално регуларен начин да се практицира. Заради истото, индикативен е процентот на студенти кои се изјаснуваат дека не знаат какви можности за пракса се нудат, дека не дознаваат за термините за да аплицираат за пракса како и за недоволното искористувањето на постоечките можности за практицирање. Само 4% од испитаниците сметаат дека е многу лесно да се најде каде да се аплицира. Ист процент од испитаниците навеле алтернативно мислење на наведените за практикантството. На пример, беа наведени објаснувања дека е потребно „внатрешно лице" за пракса во државен сектор, а дека во приватниот постои страв да се прими практикант заради можноста да „протечат" информации кои би можеле да им користат на конкуренцијата, додека трети сметаат дека нема разлика меѓу приватниот и државниот сектор во оваа смисла. Друго објаснување е дека постојат јасни закони и регулативи кои ја ограничуваат можноста за практикантство (барем во приватниот сектор) со што секое практицирање би било „надвор од законот."



**7.** На прашањето за тоа како се дознава за можности за вработување, одговорите со сличен процент се поделени на тоа дека познавањето на некој од компанијата/институцијата од интерес е најпопуларен начин за информирање, потоа директното одење во компанијата и/или следењето на огласите на нивните веб страни и следењето на интернет огласите (кои не се на страната на конкретна компанија/институција). Помалку популарно е барањето на огласи во весници и користење на услугите на агенциите за посредување при вработување. Од оние кои навеле друг начин за дознавање за можности за вработување се потенцира дека интерни препораки се најефикасен начин за вработување како и „упатување од некој од партијата која е на власт“.






**8.** Голем дел од испитаниците сметаат дека таканаречените „врски“ се клучен фактор при добивањето на работно место без разлика дали се работи за приватен или државен сектор. Втор по популарност е интерната препорака , а потоа и претходното практицирање во таа компанија/институција. Изненадувачки е тоа што една четвртина од одговорите се однесуваат на тоа дека препораката од релевантно лице е клучна при добивањето работа. Контрадикторно на одговорите на другите прашања, само 9% од испитаниците сметаат дека завршувањето на соодветен степен на образование е начин да се добие работа, со оглед на тоа дека голем процент од одговорите се однесуваа на тоа дека знаењата и вештините акумулирани за време не студиите се доволни и главно корисни за вработување веднаш по дипломирањето. Од оние малкумина кои навеле друг начин за добивање работа се појавуваат одговорите дека важно за вработување е имањето „членска книшка, за жал“, тестирање на работното место и дообучување/неформално образование.








На ова прашање најголем процент од одговорите се дека студентите не се информирани за тоа какви можност за развој на кариерата се нудат во компаниите. Подеднаков процент на одговори се однесуваат на тоа дека унапредувањето во компаниите не е во согласност со развојот на личноста и дека им се доделуваат на оние лица кои имаат најдолг стаж во компанијата/институцијата. Во помал процент се појавуваат одговорите дека постојат можности за напредување на вработените и дека тие се добиваат врз основа на континуираниот професионален развој. Оние 5% кои сметаат дека постои друго објаснување за ова прашање сметаат дека во странство трудот/развојот е подобро награден (со унапредување), дека ретко која компанија/институција разбира што е тоа развој на кариера и дека дури и кога се унапредува некој платата му останува иста или минимално му се зголемува.

Последното прашање од анкетата се однесуваше на тоа кои социјални мрежи ги користат испитаниците и за кои цели. Тука испитаниците ги бираа сите социјални мрежи кои ги користат и наведуваа потреби заради кои истите се користат.

| **Социјална мрежа** | **Процент од испитаниците кои го избрале овој одговор** | **Цели за користење на оваа социјална мрежа** |
|---|---|---|
| Facebook | 98% | *дружење и забава; networking, промоција, рекламирање, booking; добивање на информации за работа; информирање за настани и случувања; лесно пренесување на порака на многу луѓе.* |
| Myspace | 33% | *следење на музика и музички настани (наоѓање бендови, промоција на музика, соработување со музички изведувачи, промоција и реклама на сопствената музика); контакти за работа и booking на музичари; дружење, забава и одржување контакти* |
| Twitter | 22% | *информирање за новости; информирање за наука и стручни области; социјализација; micro web blog* |
| Linked In | 11% | *професионални контакти; „Се надевам дека некој ќе ме побара за проект“ „Скоро се запознав со Linked In се уште не сум навлегла, но мислам дека е корисно.“* |
| Yahoo! Kickstart | 23% | *за електронска пошта; информирање за настани; за комуникација со колеги во професионални и едукативни цели* |
| XING | 5% | *(нема понудено објаснување на целите)* |
| Друго: | 11% | · *“X-fire за gaming”;* · *“deviantArt за промоција на моите дела.”* · *“Skype за комуникација со луѓе од странство и стекнување нови пријатели.”* · *„Google за апсолутно се!“* |